Академија за судии и јавни обвинители
на Република Северна Македонија
Павел Шатев

# Т Е М А

## „Одговорност на родители за штета причинета од дете“

**Предавач:**
Лидија Димова
Судија во пензија

e-mail sudijadimova@gmail.com

# Содржина

Вовед во одговорност за друг

Одговорност на родителите за штета причинета од дете според Закон за облигациони односи и Законот за правда на децата

Одговорност на друго лице за малолетник

Анализа на судска пракса

Прашања и дискусија

# ВОВЕД ВО ОДГОВОРНОСТ ЗА ДРУГ

# Историски преглед

Одговорноста на родителите за штета причинета од нивното малолетно дете спаѓа во областа на одговорност за друг .

Таа се заснова на релативна (соборлива) или апсолутна (несоборлива) претпоставка за одговорноста на родителите. Имено, во случај на предизвикана штета дете, се претпоставува дека родителите ја занемариле должноста на чување и надзор над однесувањето на детето, поради што на нивна страна постои culpa in vigilando, т.е тие се чинат одговорни за неговите штетни постапки.

По правилата на нашето предвоено право, решенијата се различни:

- по некои, претпоставка за одговорноста на родителите **е релативна** ( пр. по правилата на Општиот граѓански законик за Ц.Гора, чл. 575),ж
- **а по некои апсолутна** (пр. по правилата на Српскиот граѓански законик, § 807).

***Релативната претпоставка за одговорноста***

Таквиот став е поправедлив, бидејќи од една страна им се дозволува на родителите да докажуваат дека кај нив нема одговорност за штета која нивното дете ја причинило и истовремено им се овозможува да се ослободат од одговорноста во оправдани случаи, а од друга страна не навлегува во правото на изјаснување на одговорната страна (***audiatur et altera pars***) во поглед на така битните факти како што е нејзината одговорност.

# Повоена судска пракса

Во повоената судска пракса, бил заземан став дека родителите одговарале за штета која нивното дете ќе ја причини на друг, за време додека живее со него.

- Аналогно на тоа, родителот  кој не живеел со неговото дете, не одговарал за штетата која ќе ја причини на друг.

*Оваа дилема се уште постои.На пример дали родителот на кој не му е доделено детето при развод на брак одговара солидарно со мајката на детето?!!*

# Правно стојалиште

*Родителите можат да одговараат и за штета која детето ќе ја причини на друг иако со нив не живеело, ако предизвиканата штета е последица на лошото воспитување на детето од страна на родителите.*

*Но, во таков случај **одговорноста на родителите не се претпоставува - туку се докажува**, што значи дека во прашање е **субјективна одговорност на родител**ите а не одговорност по правилата за одговорност за друг.*

- *Се утврдува кој од родителите е одговорен ,кој не, и дали секој од нив има различен по големина придонес во лошото воспитување*

# Посебен аспект

Но решението, се чини дека треба да се бара **во целта на постоењето на  одговорноста за друг.**

Имено, со оглед на тоа што оваа одговорност е востановена во интерес на оштетениот (за да може да ја наплати штетата), потребно е во најголема можна мера да му се даде можност да го оствари своето право на надомест на штета.

Значителен број на деце во повоеното општество не стапувале во работен однос во 15-та година од животот и не заработувале, ниту пак имале некој значителен имот. **Ако одговорноста на родителите за нивните штетни постапки не го опфаќаат периодот  до нивното полнолетство**, надежта на оштетениот  од малолетникот да го оствари надоместокот на предизвиканата штета ќе биде често илузорна.

*Оваа дилема денес е надмината со донесување на Законот за правда на децата*

# Солидарна или заедничка одговорност?

Бидејќи во повоеното право двајцата родители имале еднаква положба како носители и вршители на родителското право, низ праксата се поставило прашањето на природата на ниваната одговорност за штета која ќе ја причини малолетник, т.е. дали таа одговорност **е солидарна или заедничка.**

Според правилата на Основниот закон за односите на родителите и децата „родителското право припаѓа на таткото и мајката заедно" и дека „родителското право родителите го вршат спогодбено" како природен заклучок следи дека одговорноста на родителите за штета која на друг ќе ја причини нивното малолетно дете **е солидарна одговорност.**

Но бидејќи солидарноста не се претпоставува, туку мора да биде со закон предвидена или договорена, тоа ниту граѓанската одговорност на родителите не може да се смета како солидарна одговорност туку **како заедничка - поделена одговорност**. А тоа пак значи дека секој родител одговара само за оној дел од надоместокот на штета кој на него му припаѓа.

# Неодговорност на малолетник

И во повоеното право, границата на малолетничка неодговорност за штета не оди воглавно по навршени 7 години, што значи дека малолетник кој има повеќе од 7 одговара за штета ако се исполнети одредени услови. Судската пракса со сфаќањето неодговорност на малолетник, макар попатно изразено, за ова прашање, заслужува да биде разгледана.

Така, според општоусвоениото сфаќање во тогаш современото право и правна теорија, малолетник кој ќе причини штета може за неа да одговара. Неговата одговорност се заснова на вина, по правилата за субјективна одговорност. За да оштетениот го оствари правото на штета од малолетникот, мора да се докаже неговата вина, што повлекува претходно утврдување на малолетничката способност за расудување!!!

Заклучок: во случај кога малолетникот ќе причини штета, оштетениот **ќе може да избира од кого** ќе ја бара штетата: од неговите родители или од малолетникот. Ако постои солидарна одговорност, оштетениот може да бара судот солидарно да ги задолжи и родителите и малолетникот, да му ја надоместат штетата.

# Закон за облигационите односи



# Примена на одредби од ЗОО

**Основни одредби од ЗОО**

- ***Член 9 - Забрана за предизвикување на штета***

"Секој е должен да се воздржи од постапка со која може на друг да му предизвика штета"

*( Одредбата се однесува за материјална и нематеријална штета)*

- ***Член 9-а – Заштита на личните права***

(1) Секое физичко и правно лице, покрај заштитата на имотните права, има и право на заштита на своите лични права согласно со закон.

(2) Како лични права, во смисла на овој закон, се подразбираат правата на живот, телесно и душевно здравје, чест, углед, достоинство, лично име, приватност на личниот и семејниот живот, слобода, интелектуално творештво и други лични права.

(3) Правните лица ги имаат сите наведени лични права, освен оние врзани за биолошката суштина на физичкото лице, а особено правата на добар глас и углед, назив односно фирма, деловна тајна, слобода на претприемништво и други лични права на овие лица.

*( Одредбата се однесува за нематеријална штета)*

# Способност

Член 45-а

(1) Секое физичко и правно лице е способно да биде носител на права и обврски во облигационите односи.

(2) Физичкото лице се стекнува со правна способност во моментот на неговото раѓање, а правното лице во моментот на неговото настанување, што се уредува со посебен закон.

(3) Се смета дека зачнатото дете е родено кога тоа е потребно за заштита на неговите права, под услов да се роди живо.

# Деловна способност

Член 45-б

(1) Деловно способното лице самостојно изјавува правно релевантна волја.

(2) Физичкото лице со деловна способност се стекнува со навршувањето на годините на полнолетство и во други случаи предвидени со закон.

(3) Физичкото лице до навршување на 14 години и полнолетното лице на кое му е одземена деловната способност е деловно неспособно.

(4) Лицето кое навршило 14 години до полнолетство и полнолетното лице на кое му е ограничена деловната способност е ограничено деловно способно, освен ако со закон поинаку не е определено.

# ОДГОВОРНОСТ ВРЗ ОСНОВА НА ВИНА

## Одговорност на малолетник

**Член 147**

(1) Малолетник до наполнета седма година не одговара за штетата што ќе ја причини.

(2) Малолетник од наполнета седма година до наполнета четиринаесетата година не одговара за штета, освен ако се докаже дека при причинувањето на штетата бил способен за расудување.

(3) Малолетник со наполети четиринаесет години одговара според општите правила за одговорност за штета.

# Отсек 3
# ОДГОВОРНОСТ ЗА ДРУГ

## Одговорност на родителите

## Член 152

(1) Родителите одговараат за штетата што ќе му ја причини на друг нивното дете до наполнета седма година, без оглед на својата вина.

(2) Тие се ослободуваат од одговорност ако постојат причини за исклучување на одговорноста според правилата за одговорноста без оглед на вината.

(3) Тие не одговараат ако штетата настанала додека детето му било доверено на друго лице и ако тоа лице е одговорно за штетата.

(4) Родителите одговараат за штетата што ќе ја причини на друг нивното малолетно дете што наполнило седум години, освен ако докажат дека штетата настанала без нивна вина.

# Одговорност на друго лице за малолетник

Член 154

(1) За штетата што на друг ќе му ја причини малолетник додека е под надзор на старател, училиште или друга установа, одговара старателот, училиштето, односно другата установа, освен ако докажат дека надзорот го вршеле на начинот на кој се обврзани, или дека штетата би настанала и при грижливо вршење на надзорот.

(2) Ако за штетата одговара и малолетникот, одговорноста е солидарна.

# Негрижа за дете

https://youtu.be/B7cxYNlSvEk

# Закон за правда на децата



# Санкции спрема деца и нивната цел

**Член 34**

(1) На дете од 14 до 16 годишна возраст за дејствие кое со закон е предвидено како кривично дело можат да му се изречат само воспитни мерки.

(2) На дете од 16 до 18 годишна возраст за дејствие кое со закон е предвидено како кривично дело можат да му се изречат воспитни мерки, а по исклучок може да му се изрече казна или алтернативна мерка.

(3) Дете од 16 до 18 годишна возраст може да биде ослободено од казна под општите услови определени со Кривичниот законик.

(4) На дете за дејствие кое со закон е предвидено како прекршок може да му се изречат прекршочни санкции определени со овој закон.

(5) На дете му се изрекуваат мерки на безбедност под условите определени со Кривичниот законик и со овој закон.

(6) Конфискација на имот и имотна корист и предмети прибавени со дејствија кои со закон се предвидени како кривични дела и прекршоци на деца се врши согласно со општите услови утврдени во Кривичниот законик.

# Заштита на детето како оштетено или сведок во кривичната постапка

**Член 145**

(1) Детето жртва на кривично дело ги има следниве права:

-детето, односно родителите/или/от, односно старателите/или/от да учествуваат во кривичната постапка како оштетен со приклучување кон кривичниот прогон или за остварување на имотноправното барање за штета.

(5) Правна помош на дете жртва обезбедува по правило адвокат кој следел специјализирана обука за правата на децата.

# Издвојување средства од Буџет

**Член 151**

(1) Заради обесштетување на дете кое е жртва или е оштетено со дејствие кое со закон е предвидено како кривично дело на насилство и на други акти на индивидуално или групно насилство, се издвојуваат средства во рамките на буџетот на Министерството за правда.

(2) Министерот за правда, по претходно прибавено мислење од Државниот совет за превенција на детско престапништво, донесува годишна програма со која ги планира изворите и начинот на трошење на средствата од ставот (1) на овој член.

(3) Административно-техничките работи за исплатата на средствата од ставот (1) на овој член ги врши Министерството за правда.

# Услови за обесштетување

**Член 152**

(1) Детето за кое со правосилна судска одлука е утврдено дека е жртва, односно оштетено со дејствие што со закон е предвидено како кривично дело или прекршок со елементи на насилство и на кое му е признато имотноправно побаруање, **може да поднесе барање за обесштетување од средствата од членот 151 став (1) од овој закон до надлежниот суд, кога поради фактички или правни пречки имотнотоправно побарување не може да се изврши од имотот на сторителот на кривичното дело или другиот акт на насилство и кога од правосилноста на одлуката за имотноправното побарување изминале повеќе од шест месеци.**

(3) Судот ќе донесе решение за обесштетување во износ на досуденото имотноправно побарување, без зголемување по основ на камати или други дополнителни трошоци околу извршувањето на побарувањето. Ако судот го одбие барањето, детето жртва има право на жалба до апелациониот суд во рок од осум дена од денот на приемот на решението за одбивање. Одлуката на апелациониот суд е конечна.

# НАЧЕЛНО ПРАВНО МИСЛЕЊЕ

Врховниот суд на Република Северна Македонија на Општата седница одржана на 13.07.2021 година, расправајќи по иницијативата поднесена од Седницата на судии на Основниот суд Велес СУ.бр.20-2/21 од 02.03.2021 година

Кривичниот совет за деца е надлежен да постапува по поднесено барање за обесштетување на дете за кое со правосилна судска одлука е утврдено дека е жртва, односно оштетено со дејствие што со закон е предвидено како кривично дело или прекршок со елементи на насилство и на кое му е признато имотноправно побарување, независно од тоа дали правосилната судска одлука со која е одлучено за имотноправното побарување е донесена од кривичен, прекршочен или парничен судија.

***Од образложението:...*** *Во членот 19 од Законот за правда за децата, кој се однесува на значење на поимите и изразите употребени во овој Закон, под поимот „надлежен суд" се подразбира судија за деца и совет за деца. За Министерството за правда ирелевантно е кој одлучувал по ова барање за обесштетување од средствата од членот 151 став 1 од Законот за правда за децата. Тоа од причина што ова Министерство согласно членот 152 став 4 од Законот за правда за децата, само ја извршува исплатата по конечното решение за исплата на обесштетувањето, кое решение му го доставува судот...*

# Закон за семејство



# Закон за семејството

**Член 2**

Семејство е животна заедница на родители и деца и други роднини, ако живеат во заедничко домаќинство.

**Член 3**

Односите во семејството се засноваат врз рамноправност, заемно почитување, меѓусебно помагање и издржување и заштита на интересите на малолетните деца.

**Член 8**

Родителите спрема своите деца имаат еднакви права и должности (родителско право). Односите на родителите и децата се засноваат на права и должности на родителите да се грижат за подигање, чување, воспитание и образование на своите деца и да ги развиваат нивните работни способности и навики. Родителското право го вршат родителите заедно во согласност со потребите и интересите на децата и интересите на општествената заедница.

# Закон за семејството

**Член 8**

Родителите спрема своите деца имаат еднакви права и должности (родителско право). Односите на родителите и децата се засноваат на права и должности на родителите да се грижат за подигање, чување, воспитание и образование на своите деца и да ги развиваат нивните работни способности и навики. Родителското право го вршат родителите заедно во согласност со потребите и интересите на децата и интересите на општествената заедница.

**Член 34**

Бракот престанува со смрт на еден од брачните другари, со прогласување на исчезнатиот брачен другар за умрен, со поништување **и со развод на бракот**.

# Закон за семејството

**Член 47**

*Малолетните деца имаат право да живеат со своите родители.

*Малолетните деца можат да живеат одвоено од своите родители само кога е тоа од непосреден интерес за децата или кога тоа е од заеднички интерес за децата и за родителите.

*Детето има право да одржува лични односи и непосредни контакти со родителот со кого не живее.

Родителот со кого детето не живее има право и должност да одржува лични односи и непосредни контакти со своето дете.

# Закон за семејството

**Член 216**

Брачните другари одговараат солидарно за обврските што едниот брачен другар ги примил спрема терти лица за намирување на тековните потреби на брачната заедница, како и за обврските што според општите прописи ги товарат обата брачни другари.

Брачниот другар кој од својот посебен имот ја исполнил солидарната обврска има право да бара другиот брачен другар да му го надомести делот на обврската што паѓа на него.

**Член 272**

Во постапката заради доверување на деца на чување и воспитание судот не е врзан со барањата на странките.

# ОПШТИ УСЛОВИ ЗА НАСТАНУВАЊЕ НА ОБЛИГАЦИЈАТА

**ШТЕТНО ДЕЈСТВИЕ**

**ШТЕТА**

**ПРИЧИНСКА ВРСКА**

# ШТЕТНОТО ДЕЈСТВИЕ, КАКО ПРВ ОПШТ УСЛОВ

- ШТЕТНО Е ОНА ДЕЈСТВИЕ СО КОЕ НА ОШТЕТЕНИОТ МУ СЕ ПРИЧИНУВА ШТЕТА
- ШТЕТАТА МОЖЕ ДА БИДЕ ПРИЧИНЕТА СО ОДРЕДЕНО СТОРУВАЊЕ ИЛИ ПРОПУШТАЊЕ, ИЛИ, ПАК, СО ПРЕДМЕТ ИЛИ ВРШЕЊЕ НА ДЕЈНОСТ, КОИ ПРЕСТАВУВААТ ИЗВОР НА ЗГОЛЕМЕНА ОПСНОСТ
- ЗА ДЕЈСТВИЈАТА ДА СЕ ПОЈАВАТ КАКО ШТЕТНИ ПОТРЕБНО Е:
  1) ДА БИДАТ ПРОТИВПРАВНИ И
  2) ДОВЕДАТ ДО ПРИЧИНУВАЊЕ НА ШТЕТА НА ОШТЕТЕНИОТ

# ШТЕТА, КАКО ВТОР ОПШТ УСЛОВ

Член 142 од ЗОО

“Штетата е намалување на нечиј имот (обична штета) и спречување на негово зголемување (испуштена корист) како и **нанесување на друга физичка или душевна болка или страв (нематеријална штета)** ***повреда на личните права***

# ПРИЧИНСКАТА ВРСКА (КАУЗАЛИТЕТОТ) КАКО ТРЕТ ОПШТ УСЛОВ

- **ПРАВЕН ПОИМ**

**ПРИЧИНСКАТА ВРСКА ПРЕСТАВУВА КОНКРЕТЕН ОДНОС КОЈ ПОСТОИ ПОМЕЃУ :**

**-ТОЧНО ОПРЕДЕЛЕНО ШТЕТНО ДЕЈСТВИЕ И**

**-ТОЧНО ОПРЕДЕЛЕНА ШТЕТА,**

**-ПРИ ШТО ШТЕТНОТО ДЕЈСТВИЕ ВО ТОЈ ОДНОС Е ПРИЧИНАТА ,**

**-А ШТЕТАТА Е ПОСЛЕДИЦАТА ПРОИЗЛЕЗЕНА ОД ТАА ПРИЧНА**

# ТУЖБА

МАТЕРИЈАЛНА И НЕМАТЕРИЈАЛНА ШТЕТА

**ЗАЕДНИЧКО**

*ПРЕДМЕТОТ НА ТУЖБЕНОТО БАРАЊЕ Е ОПРЕДЕЛЕН ВО*

***П А Р И Ч Е Н И З Н О С***

# ОБЛИЦИ НА НЕМАТЕРИЈАЛНА ШТЕТА

Правно признати облици

**Само оние кои се определени во Закон**

Облици на нематеријална штета кои не се правно признати

**Сите оние кои не се определени во Закон**

# ОДГОВОРНОСТ ЗА ШТЕТА

- ВИНА (СУБЈЕКТИВНА ОДГОВОРНОСТ)
- ОПАСНА СТВАР ИЛИ ОПАСНА ДЕЈНОСТ (ОБЈЕКТИВНА ОДГОВОРНОСТ)
- ОДГОВОРНОСТ ЗА ДРУГ (ПОРАДИ ДЕЛИКТАНА НЕСПОСОБНОСТ ИЛИ СПЕЦИФИЧЕН ОДНОС)

# ПРОФЕСИОНАЛНА ОДГОВОРНОСТ ЗА ШТЕТА

- Професионалната етика и дисциплинската одговорност на одделни професии историски гледано била силна и се засилувала со текот на технолошкиот развој и глобализацијата.
- Правниците, адвокатите, извршителите, нотарите, стечајните управници, вештите лица, судските преведувачи, медицинарите, лекарите, фармацевтите, градежниците, архитектите и другите професии се професии кои се вбројуваат во т.н. регулирани професии и подлежат на правилата на професионалното право.
- Ова не ги опфаќа само законските регулирани правила за реализација на нивната професија, туку и етичките и професионалните кодекси кои ја подигаат струката на повисок пиедестал.

# СУШТИНА НА СУБЈЕКТИВНАТА ОДГОВОРНОСТ

- СУШТИНАТА НА СУБЈЕКТИВНАТА ОДГОВОРНОСТ СЕ ЗАСНОВА НА *ЛИЧНИОТ УКОР* НА ПРИЧИНИТЕЛОТ НА ШТЕТАТА
- УКОРОТ СЕ ТЕМЕЛИ НА ФАКТОТ ШТО СТОРИТЕЛОТ НЕ СЕ ОДНЕСУВАЛ ТАКА КАКО ШТО ТРЕБАЛО ВО КОНКРЕТНАТА ДАДЕНА СИТУАЦИЈА
- ПОРАДИ ФАКТОТ ШТО СТОРИТЕЛОТ СЕ *ОГРЕШИЛ*, МОРАЛНО Е ИСПРАВНО ИСТИОТ ШТЕТАТА ДА ЈА НАДОМЕСТИ, ЗАТОА ШТО ДОКОЛКУ СЕ ОДНЕСУВАЛ ОНАКА КАКО ШТО ТРЕБАЛО, НЕ БИ ДОШЛО ДО НАСТАНУВАЊЕ НА ШТЕТАТА

# ДОКАЖУВАЊЕ НА ВИНАТА

- **СИСТЕМ НА ПРЕТПОСТАВЕНА ВИНА**

- ПОНОВИТЕ СИСТЕМИ, ПОРАДИ *ОЛЕСНУВАЊЕ НА ПРОЦЕСНАТА ПОЛОЖБА НА ОШТЕТЕНИОТ*, ГО ПРИФАЌААТ СИСТЕМОТ НА ПРЕТПОСТАВЕНА ВИНА

**СПОРЕД ЗОО:**

*АКО ШТЕТАТА Е ПРИЧИНЕТА *СО НАМЕРА ИЛИ КРАЈНО НЕВНИМАНИЕ*, ОШТЕТЕНИОТ ТРЕБА ДА ГО ДОКАЖЕ НИВНОТО ПОСТОЕЊЕ (ЗОО, ЧЛ. 145/2)

*АКО ШТЕТАТА Е ПРИЧИНЕТА СО *ОБИЧНО НЕВНИМАНИЕ ИЛИ ДРУГ ПОМАЛ СТЕПЕН НА НЕВНИМАНИЕ*, ШТЕТНИКОТ ТРЕБА ДА ДОКАЖЕ ДЕКА ТИЕ НЕ ПОСТОЕЛЕ (ЗОО, ЧЛ. 145/3**)**

# С У Д С К А   П Р А К С А

## СЛЕДАТ СЛУЧАИ

# ВИ БЛАГОДАРАМ НА ВНИМАНИЕТО

## Повелете со прашања

